20251012233

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавна чистота,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 14 мај 2025 година.

Бр. 08-2806/1
14 мај 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА

Член 1

Во Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ број 111/2008, 64/2009, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 122/21 и 255/24) во член 7-а во ставот (2) се додава нова втора реченица, која гласи:

„Жалбата не го одлага извршувањето на решението.“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи по службена должност врши редовна контрола, а најмалу двапати годишно над сите дозволи за одржување јавна чистота дали правните лица ги исполнуваат сите услови врз основа на кои им е издадена дозволата и, ако се утврди дека правното лице престанало да исполнува кој било од пропишаните услови во членот 7 став (4) од овој закон дозволата за одржување на јавна чистота се одзема со решение.“.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Против решението од ставот (3) на овој член може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.